РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-24
13.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на допис и на претставка**

Почитуван

Ви благодариме за дописот (наш бр. УПП 03/24 од 06.11.2024 г.) во врска со различни аспекти од примената на подзаконскиот акт - „Правилник за заштита на малолетните лица". За главнината дилеми што сте ги имале во однос на регулаторниот пристап кон проблематиката, веќе имаме дадено образложенија во одговорите по Вашите забелешки против програмските сервиси на ЈРС – Македонска радиотелевизија, општо, и посебно за секој од комерцијалните радиодифузери. Исто така, сите сервиси се известени за претставките и за направените пропусти.

Согласно со надлежностите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) не се впушта во естетски рецензии на емитуваното во програмските сервиси. Проверката за (не)спроведувањето на програмската категоризација примарно се заснова врз членот 14 – „Критериуми за категоризација на програмите" од Правилникот. Тоа е оперативна основа по која постапуваат и одговорните уредници. Предупредувачката сигнализација е резултат од неа. При анализата на претставките од гледачите, поаѓаме и од претпоставката за евентуално оформување предмет за судска материјална расправа доколку програмскиот сервис и по опомената (која законски е првата мерка) продолжи со прекршувањето. Оттаму, неопходни се прецизни податоци за времето, содржината итн. за да може да се обезбедат соодветни докази за надлежниот, мериторен суд, кој е конечната адреса по сите фази од законски пропишаната сложена и долготрајна административна постапка. Административната постапка подразбира: - редовен/вонреден надзор; - (во случај на констатиран прекршок) јавна опомена на која ѝ претходи - период во кој уредништвото на радиодифузерот треба да се изјасни во врска со причините за прекршокот; - контролен надзор; - (доколку радиодифузерот продолжува со прекршокот) прекршочна постапка; - судска расправа/процес. Токму поради ова, во одговорите на сите претставки, задолжително се дадени точно: - временските периоди на емитувањето; - насловите на оспорените емисии; - видот и жанрот на емитуваниот аудиовизуелен материјал; - контекстот на севкупниот програмски сервис емитуван на одреден датум, утврден и преку споредбена повеќедневна анализа и преку увид во структурата на пријавениот програмски концепт; - описот на прекршувањето.

Објективноста и добронамерноста на таквиот регулаторен пристап е нужна во сите случаи, вклучувајќи ги и оние во кои, подносителите на претставките, од различни причини, не можат да дадат недвојбена аргументација.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Во поглед на прашањето за проблематичната „експлицитност" во одредени програмски сервиси, за содржините на кои се однесуваат Вашите претставки, такво нешто не е евидентирано ни во најавите ни во целините на аудиовизуелните дела што ги оспорувате. „Експлицитноста", карактеристична за четвртата (16+) и за петтата програмска категорија (18+), подразбира: - фронтална глетка на гениталии, прикажани во крупен план со долготрајно кадрирана сцена на сексуален чин; - сцени со детален приказ на чинот на земање опојни дроги и психотропни супстанции. Сè друго може да е – алузија, посредно прикажување.

По повеќедецениската работа, обуки и консултации со радиодифузерите – на минимум се сведени сериозните прекршувања на програмските стандарди и начела во поглед на заштитата на малолетната публика. За повремените случаи кај кои е очигледно дека станува збор за посериозен, па дури и намерен / повторен прекршок, Агенцијата неизоставно ги презема сите мерки (по редоследот по кој се опишани погоре во дописов). Но, земете предвид дека не постои идеална 24/7 уредувачка и техничка контрола врз сите аспекти од програмските сервиси, во што можете да се уверите и доколку се обратите непосредно кај уредништвата на радиодифузерите. Односно, ако нешто проблематично се евидентира на еден датум, не мора по автоматизам да значи дека се работи за повторлива, намерна, систематична грешка. Оттаму произлегува и нужната регулаторна толеранција.

Вашиот последен допис завршува со претставка против ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА Плус ДОО Куманово, за емитување емисија непреведена на македонски јазик. Овој радиодифузер има дозвола да го емитува програмскиот сервис и на македонски и на српски јазик (ваквите податоци се достапни во регистрите што ги води Агенцијата, објавени на веб - страницата на Агенцијата, во фолдерот РА и ТВ – www.avmu.mk). Оттаму, емитувањето на програмата е во рамките на условите утврдени со дозволата на ТВ Плус.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**